Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од бр. 02-8031 од 25.12.2020 година, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-2418
16.04 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ПРИФАЌА** барањето на (бр. 02-8031 од 25.12.2020 година), ул. „Христо Татарчев" бр. 47ж/61, Скопје за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува увид на барателот бр. 02-8031 од 25.12.2020 година да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер на ден 25.12.2020 година достави барање до имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје со кое се бара: *„Листа на десет фирми/ сопственици на мали хидроцентрали МЕПСО им исплатил најмногу пари во периодот 2010-2019 за откуп на струја по повластени тарифи".*

Информацијата ја бараат во препис на е-маил.

На ден 01.04.2021 година МЕМО ДООЕЛ Скопје до АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје достави допис - Препраќање на барање за пристап до информации од јавен карактер од МЕМО ДООЕЛ Скопје, бр. 02-1984 од 01.04.2021 год. во кое се бара бараната информација за период од 01.01.2010 година до 01.10.2019 година да ја даде АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје како имател на информацијата.

Покрај дописот – Препраќање на Барање беше и Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое жалбата на барателот се уважува, предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган а имателот на информации се задолжува да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Со ова Решение се даваат бараните информации за период 01.01.2010 – 01.10.2019 година од причина што за останатите информации АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје не е имател на информациите.

Имателот на информации не беше во можност да донесе Решение со кое делумно ќе се прифати барањето од причина што Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидува исклучоци (за целосно или делумно одбивање на барањето) само во член 6 а истиот член не предвидува делумно одбивање кога за дел од бараната информација оној кој го носи Решението не е имател на истата.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Листа на десет повластени производители на ЕЕ со повластена тарифа на кои им се исплатени најмногу средства за период 01.01.2010 - 01.10.2019 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
Kushtrim Ramadani

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Агенција за заштита на правото на слободен пристап до ИЈК
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Кабинет на ГД
- Архива

| Број | Назив на компанијата | Вкупно МХЕ |
|---|---|---|
| 1 | МАЛИ ХИДРО ЕЛЕКТРАНИ ДОО Скопје | 7 |
| 2 | СОЛ ХИДРОПАУЕР ДООЕЛ Скопје | 4 |
| 3 | ХИДРО БОШАВА ДОО Кавадарци | 5 |
| 4 | ХИДРО ЕНЕРЏИ ГРОУП ДОО експорт-инпорт Скопје | 3 |
| 5 | ЕМК ДООЕЛ Мали Хидроелектрани Скопје | 6 |
| 6 | ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје | 4 |
| 7 | МХЕ ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ ДОО Скопје | 2 |
| 8 | БНБ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје | 5 |
| 9 | МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје | 1 |
| 10 | СТУДЕНЧИЦА МАЛИ ХИДРО ДОО Скопје | 1 |